


**8.05.2025-Четврток**

## НАСТАНИ




**Програма за мај со настани за "Гевгелија град на културата 2025 година"**

8.5 / чет. / 20:00 ч.
Народен театар- Гевгелија
Театарска претстава „Вечера за глупаци“
НУЦК „Ј. Х. К. Џинот“- Велес

9.5 / пет. / 12:00 ч.
Уметничка галерија „Амам“
Изложба „80 години од победата на фашизмот“

10.5 / саб. / 18:30 ч.
Дефиле на фолклорни групи

19:30 ч. / Народен театар- Гевгелија
Меѓународен детски фолклорен фестивал
„Гевгелиска везилка“

13.5 / вто. / 19:00 ч. / Плато пред ЈОУ Пионерски дом
Поетско-музичка вечер „Изворник“

16.5 / пет. / 12:00 ч. / Градски плоштад - Гевгелија
Матурски квадрил 2025 година
СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија

19.5 / пон. / 12:00 ч. / Хотел „Аполонија“- Гевгелија
Промоција на монографија
„Сергеј Михајлов: живот и дело“ од Наташа Диденко

19:00 ч. / Уметничка галерија „Амам“- Гевгелија
Изложба на мозаици
ООУ „Ристо Шуклев“- Негорци



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk




**8.05.2025-Четврток**

21.5 / сре. / 19:30 ч. / Народен театар- Гевгелија
Патронен празник
ООУ „Крсте Мисирков“- Гевгелија

22.5 / чет. / 17:00 ч ./ Народен театар- Гевгелија
Завршна приредба на ЈОУДГ „Детска радост“
„Гевгелиска стара чаршија“

20:00 ч. / Хотел „Аполонија“- Гевгелија
Годишен концерт на Музичкиот оддел
ООМУ „Васо Карајанов“- Гевгелија

23.5 / пет. / 17:00 ч. / Хотел „Аполонија“- Гевгелија
Промоција на роман
„Бела Сама“ од Виолета Танчева Златева

20:00 ч. / Народен театар- Гевгелија
Годишен концерт на Балетскиот оддел
ООМУ „Васо Карајанов“- Гевгелија

24.5 / саб. / 19:00 ч. / Плато пред Дом на култура- Миравци
Фолклорна манифестација „Ѓура Мара 2025 г.“

20:00 ч. / Хотел „Аполонија“- Гевгелија
Самостојна изложба на Борис Петров
Промоција на монографија
„80 години ликовно творештво“

Чествување на Св. Спас- Заштитник на Гевгелија

26.5 / пон. / 09:00 -17:00 ч. / ЈОУ Пионерски дом- Гевгелија
Етно панаѓур

18:30 ч. / Манастир „Св. Спас“- Гевгелија
Академија на духовна музика



**Ул.Димитар Влахов бр.4**
**Гевгелија**
**www.gevgelija.gov.mk**
**Тел.++389 34 611-353**
**тел./факс. ++389 34 211-211**
**e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk**

28.5 / сре. / 20:00 ч. / Градски плоштад- Гевгелија
Концерт: „Трибјут на Џанго Рајнхарт“
м-р Филип Динев
м-р проф. Филип Иванов
Оливер Јосифовски
Ристо Ивановски

29.5 / чет. / 12:30 часот / Угостителска сала на СОУ „Ј.Ј.“- Гевгелија
Промоција на 4 видеа „Моја Гевгелија“
ЗГ „Од станица до граница“

19:00 ч. / Уметничка галерија „Амам“- Гевгелија
Изложба на Друштвото на Ликовни уметници од Гевгелија

30.5 / пет. / 18:00 ч.
Дефиле на културно-уметнички друштва

19:00 ч. / Плато пред Народен театар- Гевгелија
Вечер на староградски песни и музика
„Распеана чаршија“



## 8.05.2025-Четврток




### Резервирајте го денешниот ден за "Вечера за глупаци"- хит комедија на НУ Театар "Џинот"- Велес

Денес, 8 мај 2025 година (четврток), по повод „Гевгелија град на културата за 2025 година“, во Народниот театар-Гевгелија, ќе гостува НУ Театар „Јордан Хаџи Константинов-Џинот“ со претставата „Вечера за глупаци“. Изведбата ќе започне во 20:00 часот, а влезот е слободен.

Хит-комедијата „Вечера за глупаци“ е приказна која го коментира високото француско општество кое презаситено од сѐ што може да си пружи, креира ситуации во кои ќе може да им се исмева на послабите и понеуспешните од нив. Имено, темата која се обработува е смислата на она што го чини човекот среќен и перспективата од која тоа се доживува. Од НУ Театар „Ј.Х.К. Џинот“- Велес велат гевгеличани да се подготват за вечер исполнета со смеење, изненадувања и апсурди кои ќе ги држат приковани за седиштата до последната сцена.

Претставата е работена по текст на Францис Вебер, во режија на Ненад Витанов, а играат: Фаик Мефаилоски, Жарко Спасовски, Благојчо Стојанов, Кире Ацевски, Сандра Танчева, Талија Настова, Јордан Витанов и Сашко Костов.
Гостувањето на НУ Театар „Јордан Хаџи Константинов- Џинот“ со претставата „Вечера за глупаци“ за манифестацијата „Гевгелија град на културата за 2025 година“ е во организација на ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија.



## 8.05.2025-Четврток




### **НУ Музеј- Гевгелија со изложба ќе ја одбележи 80-годишнината од победата над фашизмот**

НУ Музеј- Гевгелија организира изложба „80 години победа над фашизмот“, со што ќе  го одбележи овој историски јубилеј. Отворањето е утре (9 мај 2025 година), во уметничката галерија „Амам“, со почеток во 12:00 часот. Станува збор за поставка-изложување музејски предмети (експонати) од историската збирка на НУ Музеј- Гевгелија.

Посетителите ќе имаат можност да погледнат оружја и муниција пронајдени на подрачјето на општина Гевгелија и соседните општини, како и фотографии од Втората светска војна. За поставката ќе зборува кустос историчар Тања Трајкова, вработена во НУ Музеј- Гевгелија. Овој настан е дел од програмата за мај за манифестацијата „Гевгелија град на културата за 2025 година“.




ISO 9001
Q-1441

## 8.05.2025-Четврток




### 10 мај: Меѓународен детски фолклорен фестивал "Гевгелиска везилика"

На 10 мај 2025 година, во Гевгелија ќе се одржи Меѓународен детски фолклорен фестивал „Гевгелиска везилка“. Со почеток во 19:30 часот, сцената на Народниот театар-Гевгелија ќе биде обоена со богатството на народната традиција, музика и игра, претставени низ чекорите и насмевките на детските фолклорни ансамбли і културно-уметнички друштва од државата и соседството. На Фестивалот ќе настапат: домаќините Ансамбл „Бојмија“- Гевгелија, КУД „Илинден“- Струга, КУД „Мирка Гинова“- Демир Капија, Фолклорен ансамбл „Мегдан“- Богданци и Фолклорен ансамбл „Општина Мало Црниче“- Република Србија. Влезот е слободен.

Богатата вечер ќе се најави со свечено дефиле на сите учесници. Дефилето ќе започне во 18:30 часот, од Народниот театар - Гевгелија, продолжувајќи низ улиците „7 Ноември“ и „Гевгелиски партизански одреди“, а ќе заврши на Градскиот плоштад, каде граѓаните ќе имаат можност да ги поздрават и поддржат најмладите чувари на традицијата.

Овој настан е во организација на Ансамбл „Бојмија“- Гевгелија, а во соработка со Општина Гевгелија и е дел од програмата за манифестацијата „Гевгелија град на културата за 2025 година“.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

## ИНФОРМАЦИИ



### Урнебесната комедија "Ванчо" триумфираше по третпат

Во рамки на манифестацијата „Гевгелија - град на култура 2025“, на 5 мај 2025 година, сцената на Народниот театар - Гевгелија беше преполна со енергија, смеа и аплаузи од третата изведба на урнебесната комедија „Ванчо“. Присутните кои ја проследија претставата, беа сведоци на динамична и маестрално одиграна комедија на интрига, заснована на филмското сценарио на Џим Мулхоланд и Мајк Бари, а во режија на Катица Џишева Дупарова.

Централната приказна, низ игра во којашто торбата полна со скапоцен накит завршува во погрешни раце, предизвика еуфорија и громогласна смеа преку низата пресвртни ситуации, недоразбирања и хумор. 13-те актери: Силвестер Проле, Светлана Стојковиќ, Каме Ќаев, Зоран Кундурџиев, Томе Шуклев, Влатко Сапламаев, Петар Јанчев, Ангелина Шуклева, Весна Делева, Мартин Костадинов, Даниела Каранфиловска, Весна Папучиева и Лазе Николов, иако аматери, професионално внесоа живот во секој лик, оставајќи силен впечаток со својот хумористичен израз и актерска посветеност.

За освојувањето на срцето на публиката, актерскиот ансамбл беше награден со долги и искрени аплаузи, а од Театарот, сите излегоа со насмевка и задоволство од една вечер исполнета со духовитост и забава.

# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА



# ДНЕВЕН БИЛТЕН

ISO 9001
Q-1441

**8.05.2025-Четврток**



## Изложбата "Ризница на народни носии" културно и едукативно доживување

На 5 мај 2025 година, во уметничката галерија „Амам“, беше отворена етнолошката изложба „Ризница на народни носии“. Во организација на НУ Музеј- Гевгелија, беше презентирана старата традиционална, облековна култура со изложување на 7 народни носии коишто се сопствена колекција на Проданов, вљубеник во фоклорот и долгогодишен член на Ансамблот „Бојмија“ од Гевгелија.

Во прекрасниот амбиент на Амамот, секоја носија беше внимателно изложена со информативен опис, што овозможи посебно културно и едукативно доживување за присутните. Гевгеличани имаа можност одблиску да видат како изгледаат: зетска и невестинска носија од етничкиот предел Бојмија (село Миравци), носија за млада жена од Железник, како и носија од Азот од етничката група Мијаци (село Папрадиште). Исто така, изложбата опфати и носии од Струшко Поле, носија за девојка од Мегленските Власи (село Хума) и невестинска носија од Вевчани.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk